МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА - СВЕТИ НИКОЛЕ

# «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»
(ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА)

# СПИСАНИЕ
**на научни трудови**

**ДВАНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД“**
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА

***Година VIII*** ***Број 1*** ***Април 2021***

- СВЕТИ НИКОЛЕ, Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -
- 2021 -

**Издавач:** Меѓународен центар за славјанска просвета - Свети Николе

**За издавачот:** м-р Михаела Ѓорчева, директор

**Наслов:** «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА)

**Организационен одбор:**
Претседател: проф. д-р Јордан Ѓорчев
Заменик претседател: д-р Стромов Владимир Јуревич, Русија
Член: м-р Борче Серафимовски
Член: м-р Милена Спасовска

**Уредувачки одбор:**
Проф. д-р Ленче Петреска - Република Северна Македонија
Проф. д-р Александар Илиевски - Република Северна Македонија
Проф. д-р Мирослав Крстиќ - Република Србија
Проф. д-р Момчило Симоновиќ - Република Србија
Проф. д-р Тодор Галунов - Република  Бугарија
Проф. д-р Даниела Тасевска - Република Бугарија
Доц. д-р Хаџиб Салкиќ - Република  Босна и Херцеговина
Проф. д-р Татјана Осадчаја - Руска Федерација
Доц. д-р Вера Шунаева - Руска Федерација

**Уредник:** проф. д-р Јордан Ѓорчев

**Компјутерска обработка и дизајн:** Адриано Панајотов, Маја Маријана Панајотова, Благој Митев

**ISSN (принт)** 1857-9299
**ISSN (онлајн)** 1857-9302

**Адреса на комисијата:** ул. Маршал Тито 77, Свети Николе, Р. Сверна Македонија

**Контакт телефон:** +389 (0)32 440 330

**Уредувачкиот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!**

**Напомена:**

Уредувачкиот одбор на списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во списанието. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во списанието е на самите автори на трудовите.

Секој научен труд пред објавувањето во списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» е рецензиран од двајца анонимни рецензенти од соодветната научна област.

**Печати:** Печатница и книжарница „Славјански", Свети Николе

**Тираж:** 100

Година 8, Број 1, Април 2021, Свети Николе, Република Северна Македонија

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

# ИСТОК - ЗАПАД

ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО,
ИНФОРМАТИКА

ОБЛАСТ
# ЕКОНОМИЈА

334.72:004(497.7)
339.1:004.738.5(497.7)

**Проф. д-р Лидија Ѓошевска**
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

# ПРИМЕНАТА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА КОМПАНИИТЕ

**АПСТРАКТ:** Во сегашни услови во кои се најде современиот бизнис и неговото опкружување посебно предизвикани од Ковид пандемијата и нејзиниот силен замав доведе до сосема поинакви услови за негова егзистенција. Ако направиме една предходна ретроспектива ќе резимираме дека во последните 30 тина години бизнисот е дигитализиран а податоци за тоа се примена на компјутерите, компјутеризирани деловни програми, мрежи, сервери итн.
Вештачката интелегенција се надоврзува со дигитализацијата значи дигитализацијата се поставува и како потреба на минатото и неопходност на сегашноста. Се поставува како неопходност и прашањето што претставува дигитализацијата па како консеквенца следи и одговорот употреба на дигитални технологии за да се трансформира бизнисот. Сето тоа доведува до менување на начинот на работа како и прилагодување на работните процеси на дигиталната технологија.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:** дигитализација, дигитални технологии, бизнис, работни процеси, компјутеризирани деловни програми



# THE APPLICATION OF DIGITALIZATION IN THE OPERATION OF THE COMPANIES

**ABSTRACT:** In the current conditions in which modern business finds itself and its environment, especially caused by the Covid pandemic and its strong momentum, it has led to completely different conditions for its existence. If we make a previous retrospective, we will summarize that in the last 30 years the business has been digitalized and data on that are applied to computers, computerized business programs, networks, servers, etc. Artificial intelligence is connected with digitalization, which means that digitalization is set as a need of the past and a necessity of the present. The question of what is digitalization is raised as a necessity, so as a consequence follows the answer to the use of digital technologies to transform the business. All this leads to changes in the way of work as well as adaptation of the work processes of digital technology.

**KEYWORDS:** digitalization, digital technologies, business, work processes, computerized business programs

## ВОВЕД

Дигитализацијата претставува долгорочна деловна стратегија и обврска која се темели на менаџментот на компанијата кој е спремен да го трансформира својот бизнис за предизвиците кои го предизвикуваат современиот начин на дејствување и опстојување во деловниот свет како во сегашноста така и во иднината.

Дигитализацијата е поврзана со податоци, процеси и текови како и бизнис известување и донесување на одлуки. Секојдневно секој бизнис е опкружен со лавина од податоци кои треба правилно да се искористат, но и од нив се извлекуваат голем број на информации од кои можат да се донесат заклучоци за конкурентна предност затоа сите тие податоци во основа треба да бидат дигитални.Сите податоци треба да се искористат и насочат во процеси кои исто така треба да бидат дигитални кои ќе доведат до ефикасно управивање со нив. Нивната централизација и унифицираност ќе доведат до полесно управување со компанијата.

Многу е важно и навременото и точно известување за да можат да се донесат и поцелисходни одлуки за успешно менаџирање и управување. Не станува збор за било какви информации туку за точни и навремени информации кои ќе им помогнат на менаџерите во процесот на донесување на одлуки. Сето ова би довело до ефикасност на деловните процеси и остварување на приходи и остварување на конкурентна предност.

Праксата покажува дека мал е процентот на луѓето кои сакаат организациски промени а тоа е од 10 до 15%, оние кои сакаат нови предизвици а останатиот процент не сака промени и стравува од несигурност од губење на своето работно место. Дигиталната технологија го олеснува процесот и ја прави компанијата поконкурентна.



## 1. ПОТРЕБАТА ОД ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Визијата на бизнисите е многу важна посебно ако во неа е вметната дигитализацијата и ако се води сметка за четирите битни чекори;

Прво - увид на средствата со кои располага компанијата;

Второ - проучување на пазарот за да се увидат неопходните барања на купувачите односно клиентите;

Трето - креирање на процеси кои ќе генерираат портфолија на потенцијални идеи за идните потреби на купувачите со креирање на деловни хипотези и нивно тестирање преку истражување на купувачите односно потрошувачите.

Срштa на дигиталниот успех е поврзан со потатоците за клиентите кои се собрани во база на податоци во посебни системи кои содржат инеракции и поврзаност со клиентите со кои може да се претстави и потенцијалниот производ односно да се изврши неговата промоција.

Факт е дека дигиталната трансформација на работењето на компаниите доведува до голем потенцијален раст за цела Европа, посебно за нејзината индустрија како и поврзаноста на сите нејзини членки како и нејзино искористување на можностите што ги дава самата.

Европската комисија дава одговор на сложеноста на постапките од дигиталната трансформација кој е содржан во програмата под име Дигитална Европа во која е содржан и повеќегодишниот финансиски план во период од 2021-2027 година. Основната цел е да се осигура некаков инструмент кој ќе ја редулира потрошувачката прилагодена на оперативните барања за изградба на своевиден дигитален капацитет. Вкупниот предвиден буџет е околу 9,2 милијарди евра за целокупната дигитална трансформација на европското стопанство, примамлива бројка која ќе исполни иден и трансформиран лик на Европската индустрија.

Вложувањата во дигитализацијата ќе биде можна во обемот на четири составни делови на фондот на ЕУ, поконкретно во дигиталната инфраструктура,

дигиталната трансформација на малите претпријатија, истражувањата во дигиталната технологија како потпора на социјалната економија . Со овие насоки би се отвориле и многу работни места од областа на дигитализацијата.

Придобивките од дигиталната технологија можат да се увидат и на следниот графикон во земјите членки на ЕУ.




*Графикон бр. 1*
*Извор: Дигиталната економија и социјалниот индекс ЕУ*

На самиот графикон се согледува дека Хрватска е многу назад од одредени земји во примената на дигитализацијата ако се земе фактот дека една петтина од населението не користи интернет,ако се според со 2018 година не направила значителен напредок со останатите земји како што е Финска која е на врвот.

## 2. ДИГИТАЛНАТА ТРГОВИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Секодневието покажува дека преку интернет се вршат голем број на разновидни купувања и во нашата држава па оттаму и забрзано темпо и раст на е- трговијата односно дигиталната економија. Навиките на нашите граѓани до 2018 година одат на нагорен тренд како што може да се увиди и од податоците од Државниот завод за статистика.

Македонските граѓани можат да купуваат и полиси за осигурување преку интернет значи можат да користат и услуги. Од 2020 год. се укинува и царинската давачка на пратки помали од 90 евра што беше и препорака од Европската Комисија. Народната Банка на РСМ од 2018 год. овозможи и ја либерализира елетронската трговија која има нагорен тренд на нејзин раст.




*Слика бр1:*

## ЗАКЛУЧОК

Придобивките што ги дава елетронската трговија е од големо значење како за граѓаните така и за целокупниот деловен свет. Како позначајни придобивки се следните:

- Заштеда на трошоците, поголема економичност;
- Поголема ефективност и рентабилност;
- Висока растечка капитална, образовна, научна и информативна интензивност;
- Мали и опаѓачки штетни ефекти врз природната средина и здравјето на човекот;
- Висока акумулативност:
- Висока и растечка флесибилност и тн.

Дигитализацијата овозможува поедноставна работа и поевтино праќање на информации, овозможува и помалите претпријатија да го користат и да земат учество и на глобалниот пазар. Дигитализацијата овозможува конкуретно работење и зголемување на шансите за опстанок на пазарот.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Дигиталната економија и социјалниот индекс ЕУ
2. Маркетинг прирачник за мали и средни бизниси- КОСМО- иновативен центар, Скопје 2004г
3. www.stat.gov.mk